Со почит.

Овластен градежен инспектор
Златко Бојаџиев дипл. град инж.

МИСЛЕЊА

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
ГРАФИЧКИ РЕГИСТАР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ЕЛЕКТРОНСКИ ЗАПИС

На ден 15.02.2024 во 9:50 AM часот извршена е финална контрола на "Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје" со единствен идентификатор број 45659, тип на постапка ЛУПД, број на постапка во е-урбанизам 23292 доставен од страна на Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје, од овластен планер Борислав Јосифов, со корисничко име inpuma.urbanizam@gmail.com.

По извршената финална контрола се потврдува дека напред наведениот/та, "Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје" го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект.



Овластен планер
Борислав Јосифов

МЕПСО
Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Државно акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем на Република Македонија, Скопје
Shoqëri aksionare shtetërore për transmetimin të energjisë elektrike dhe menaxhimin me sistemin elektroenergetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 10-6621/1
02.12.2022 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО

ИН ПУМА
Бул.К.Ј Питу 19/6-9
1000 Скопје

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
УЛ.ПЕТАР ДЕЉАН БР.17
1000 СКОПЈЕ

Ваш број: 13-5913/8 од 27.10.2022год., 0301-490 од 25.11.2022год.
Наш број: 10-5968 од 04.11.2022год., 10-6621 од 30.11.2022год.

ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше барање

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за мислење по "Локална урбанистичка планска документација со намена А1-Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје", Ве известуваме по разгледување на Вашето барање и по направениот увид во планската документација прикачена на е-урбанизам со број на постапка 23292 и 47574, последвателно согласно нашите податоци, информации и забелешки наведени во дописите со бр.02-9105/1 од 11.12.2018год. и 10-5968/1 од 15.11.2022год., адресирани до Вас како изготвувач на проектната планска документација со технички број 138/2017 од 11.2022год. констатираме дека постоечките електроенергетски објекти на АД МЕПСО се уредно вцртани и третирани согласно законските регулативи и правилници како што се *Член 203 став 1, Член 204 став 1 од Законот за Енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018год.), Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл.Весник на РМ бр.25/2019 од 01.02.2019год.), со заштитни појаси согласно Член 224 од Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл.Весник на РСМ бр.4 од 10.01.2022год.)*, притоа земени се во предвид безбедносните растојанија на постоечките далекуводи каде согласно погоре наведеното **АД МЕПСО дава позитивно мислење за наведениот ЛУПД**, електронски потпишан од Елена Дракуловска Гигов 2022.11.25 11:59:27 +01'00' и Божо Илоски 2022.11.25 12:01:14 +01'00' со напомена: Доколку пред усвојување од страна на надлежните институции, овој план претрпи било какви измени во делот на планирање околу постоечките електроенергетски објекти должни сте повторно да прибавите мислење за конечна верзија на планот, исто така Во иднина при реализација на оваа планска документација секој инвеститор и Општината се должен/на да ги испочитува дадените минимални безбедносни растојанија на постоечките електроенергетски објекти вцртани во детелниот урбанистички план (графички дел), како и тестуалниот опис за секоја градежна парцела која се простира во близина на постоечките електроенергетски објекти. Во случај на непочитување на погоренаведеното како и во случај на предизвикување на било каква штета по животната средина, имотот и луѓето, АД МЕПСО нема да сноси никаква одговорност,а во случај на настанување на било каква штета на електроенергетските објекти, инвеститорот/општината е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО.

Со Почит,

Изготвил: Бојан Николовски
Одобрил: Раководител на Оддел ДВ
Зоран Илоски

Директор на Подружница ОПМ
Саша Стефановски

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ
- Архива

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17 – 230/2
24.01.2023 година
Скопје

ДО

ИН ПУМА ДОО

бул. „К. Ј. Питу“ бр. 19/6-9

1000 Скопје

Предмет: Одговор на Барање за мислење
Врска: Ваше барање бр. 0301 - 26 од 11.01.2023 година.

Во врска со вашето барање за добивање мислење за постоење на културно наследство за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена А1 – Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода – Скопје, а врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци (акт бр.17-3832/2 од 05.12.2018год.), Управата за заштита на културното наследство констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планот.

Со почит,

в.д. Директор,

Арјан Асланај

Изработил: З. Тодоровски

Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Акционерско друштво за ершење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 [illegible]
факс. 02 [illegible]
[illegible]@ner.com.mk
www.[illegible].com.mk
ЕМБС: [illegible]

До:
ИН-ПУМА ДОО Скопје

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на мислење, со ваш бр. 0301-517 од 13.12.2022 год.

Согласно вашето Барање на мислење, за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода - Скопје,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа

НЕР АД Скопје дава **позитивно мислење**.

Со почит,

Изработил
Александар Апостолоски
2753

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-4389/2
Дата data 30 DEC 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

До: : ИН-ПУМА
Институт за урбанизам, сообраќај и екологија
бул."Кузман Јосифовски Питу" бр.19/6-9
1000 Скопје

Предмет:наш бр.1302-4389/1 од 20.12.2022 год.
Дата: 28.12.2022 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор на мислење **по постапка за Локална урбанистичка планска документација со намена А1- домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец, Општина Кисела Вода – Скопје.**

Почитуван/и,

Во врска Вашето барање мислење со бр.0301-517 од 13.12.2022 година заведено кај нас под бр.1302-4389/1 од 20.12.2022 година по горенаведената планска документација Локална Урбанистичка Планска Документација за што во прилог ни доставивте преку страната на е-урбанизам подлога со граница на плански опфат од Предлог планот - инфраструктурен план,

Ве известуваме дека предвидената локација е надвор од водоснабдителниот систем, фекален и атмосферскиот систем за Град Скопје и е надвор од развојните планови според ГУП на Град Скопје.

Според горе наведеното ЈП Водовод и канализација – Скопје не е надлежен да даде свое изјаснување.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој

Раководител

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Одобрил:

дипл.град.инж. Ениса Рецепагиќ

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 23292

Датум: 08.11.2022

До
Институт за урбанизам, сообраќај и екологија
ИН-ПУМА,
Бул. Кузман .Јосифовски Питу бр. 19/6-9, П. Фах 34 Скопје

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Јавна анкета / презентација - ЛУПД : Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2022.11.09 15:11:10 +01'00'

АЦВ Бр. 12-8/1218

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА **АНКЕТЕН ЛИСТ БР.** постапка бр.23292

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Општина Кисела Вода организира **ЈАВНА АНКЕТА** по предлог за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 – домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец, Општина Кисела Вода - Скопје

Пополнува Општината

1.	Локална урбанистичко - планска документација	**КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец**
	Урбанистичка документација за населено место во општина	**Кисела Вода**
2.	Место на излагање на планот	**Општина Кисела Вода – Голема Сала (барака 7) www.kiselavoda.gov.mk**
3.	Време на излагање	**03.11. – 09.11.2022**

Податоци за граѓани и правни лица кои даваат забелешки:
(пополнува граѓанин, односно организација(правно лице)

4.	**Правно односно физичко лице (назив на правно лице, име и презиме)**	Агенција за цивилно воздухопловство
5.	**Адреса и број на телефон**	Даме Груев бр.1, Скопје 02/3181-609
6.	**Адреса на објектот, катастарска парцела или опис на локалитетот, за кој се дава забелешка**	За целиот плански опфат

7.Забелешка

Н Е М А забелешки од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај

Дата: 04.11.2022 **Своерачен потпис**

Biljana Jovanova

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/2-616 од 07.11.2022
Скопје

Одговорно лице: Горги Полинцев
Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 13-5913/8 од 27.10.2022 година, со кој барате да дадеме мислење за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје, Ве известуваме дека **имаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Забелешка: Една од предвидените маркици за трансформаторски станици е предвидена во рамки на заштитен појас на 35кВ надземен електроенергетски вод. Доколку е возможно истата да предвиди надвор од заштитниот појас.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Gjorgji Polincev

Digitally signed by Gjorgji Polincev
Date: 2022.11.07 14:16:59 +01'00'

Бр/Nr. 10-1062/2

Скопје/Shkup 09 -02- 2023 година/viti

ДО ИН-ПУМА ДОО
Булевар К.Ј.Питу 19/6-9 П.Фах 34
1000 Скопје

Предмет:Мислење

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање бр.0301-517 од 13.12.2022 год. за добивање мислење за Локална урбанистичка планска документација со намена А1-Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода - Скопје, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-1062/1 од 03.02.2023 година:

- Комплет ЛУПД.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека по однос на Локална урбанистичка планска документација со намена А1-Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода - Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење** бидејќи предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Сламков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Наш број: 1404-3622/2
Скопје 30.12.2022 г.

ДО:
ИН –ПУМА
бул.„К.Ј.Питу" бр. 19/6-9
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : 0301-517 преку е-урбанизам

Во врска со вашето барање за мислење, а во врска со изработка и одобрување на **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје**, ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставената локална урбанистичка планска документација.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 27.12.2022г

Раководител на сектор:Борис Арсов

Советник на директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИН-ПУМА

URBAN PLANNING, TRAFFIC AND ENVIRONMENTAL INSTITUTE

До:

Министерство за образование и наука
Ул.Св Кирил и Методиј број 54,1000 Скопје

Ваш знак:

Наш знак: 0301-405

Скопје,19.09.2022 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

Примен: Pranuar		0 -09- 2022	
Single: Njësia	Број: Numri	Прилог: Shtojca	Вредност: Vlera

Предмет:Ургенција

Почитувани,

Во врска со нашето барање за мислење по конечен предлог план за:

1. **ЛУПД Мијанчовец,Општина Кисела Вода (број на ПИМ 43657 од 03.06.2022)**

доставен до вашиот орган,а согласно член 36 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 199/14) ве известуваме дека е изминат подолг временски период а вашиот орган се нема произнесено по нашето барање.

Согласно член 36 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 199/14) доколку вашата институција не се произнесе на мислењето по конечен предлог план ќе се смета дека немате забелешки и дека е дадено позитивно мислење,при што евентуалната штета настаната поради непостапување ќе бидат на товар на државниот орган кој не постапил согласно барањето.

Имајќи во предвид погоре наведеното ве молиме во рок од 5 работни дена да се произнесете по нашето барање,а доколку не се произнесете,бидејќи сите рокови се изминати ве известуваме дека согласно член 36 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 199/14) постапката за донесување на предметниот план продолжува.

Со почит,

УПРАВИТЕЛ

БРАНКО АРНАУДОВСКИ д.и.а

Branko Arnaudovski

Digitally signed by Branko Arnaudovski
Date: 2022.09.19 13:01:50 +02'00'

Булевар К. Ј. Питу 19/6-9 П. Фах 34 Скопје Телефон 02 2461 451 Факс 02 2461 571
e-mail: inpuma@t-home.mk

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИН-ПУМА

URBAN PLANNING, TRAFFIC AND ENVIRONMENTAL INSTITUTE

До:

Општини/Институции

Ваш знак:

Наш знак: 0301-26

Скопје, 11.01.2023 год.

Предмет: **Барање на мислење**

Во постапката на изработка на **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје** а врз основа на одредбите на Член 36 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), бараме да ни доставите позитивно мислење за предметниот плански опфат.

Субјектите на овој член се должни во рок од пет работни дена од приемот на барањето од став (1) на овој член, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да дадат мислење, а во спротивно ќе се смета дека немаат забелешки и дека е дадено позитивно мислење, при што евентуалните идни штети настанати поради непостапувањето, ќе бидат на товар на органот кој не постапил по барањето. Во постапката за јавна анкета и јавна презентација сте повикани да дадете свое мислење, меѓутоа поради тоа што се уште нема одговор, се обраќаме повторно да дадете свое мислење.

Преку системот е – Урбанизам електронски Ви доставуваме:

- DWG и PDF формат од ЛУПД-то со нанесен плански опфат

Со почит,

УПРАВИТЕЛ

Божо Илоски

Bozho Iloski

Digitally signed by Bozho Iloski
Date: 2023.01.11 15:20:42 +01'00'

Булевар К. Ј. Питу 19/6-9 П. Фах 34 Скопје Телефон 02 2461 451 Факс 02 2461 571
e-mail: inpuma@t.mk

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
48631

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје

Датум на креирање

11.01.2023

Иницијатор

Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје

Надлежен орган

/

ДОКУМЕНТИ ДИСКУСИЈА

Пребарај

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
Scan Feb 09 - 2023 (5)	Мислење	dragicag@roads.org.mk	13.02.2023 13:05:18	Одговор од ЈП ДП	Да
1404-3622-2	Мислење	sofka.jovevska@aec.mk	23.01.2023 11:45:25		Да
Baranje_S	Друг тип на документ	inpuma.urbanizam@gmail.com	11.01.2023 15:23:15		Да

inpuma.urbanizam@gmail.com
Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје

Институции

Додади институција

Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
АД ГАМА	11.01.2023	/		✓
Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи	11.01.2023	/		✓
Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИ СТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје	11.01.2023	12.01.2023	Наведениот опфат на ЛУПД-ја се наоѓа надвор од лиценцн ото подрачје на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Ск опје	✓
ЕЛЕМ	11.01.2023	/		✓
ДЗС К. Вода	11.01.2023	27.04.2023		✓
Министерство за образование и наука	11.01.2023	/		✓
Министерство за здравство	11.01.2023	/		✓
Министерство за труд и социјална политика	11.01.2023	/		✓

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2000

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 617/2018 од 03. 05. 2018 година
Скопје

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на „БИГ БОКС" ДООЕЛ - Скопје му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода.** Површината на планскиот опфат изнесува 6,00 ha.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y04618** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за управување со имоти „БИГ БОКС" ДООЕЛ - Скопје, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање

("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 14738, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода.

Согласно член 25, став 7 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 617/2018 од 23.04.2018 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Sadula Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изготвил: Дејан Гаковски

Одобрил: Неби Рецепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје,

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y04618

Скопје, април 2018

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје,

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: Друштво за управување со имоти „БИГ БОКС“, ДООЕЛ, Скопје

Тех.бр. Y04618

Раководител на задачата:
Лидија Петковска, дипл.инж.арх.

Координатор:
д-р Христина Оџаклиеска,
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпческа Анѓелковиќ, дипл.инж.арх.

Агенција за планирање на просторот
в.д. Директор:

Огнен Апостолски дипл.инж.арх

Скопје, април 2018

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај **Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода.** Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Површината на планскиот опфат изнесува 6,00 ha. Планскиот опфат зафаќа земјиште под пасишта (IV и V класа).

Во границите на планскиот опфат треба да се предвидат најмалку 20 градежни парцели за изградба на градби со наведената намена, согласно член 46 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16).

За предметната локација се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место со намена А4 – времено сместување, на КП 554 и КП 555, на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, со технички број Y10713, и истите се поништени со Решение за поништување, со бр. 15-13278/2 од 13.03.2018 година.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Р. Македонија.**

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење

имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0,5 1 2 Km

1:25.000



Општинска граница

Катастарска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Предметното подрачје е под влијание на континентална **средоземна клима**, односно на овој простор се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на северни и североисточни ветрови, со најголема честина на северниот ветар од 142‰. Потоа следи североисточниот ветар со честина од 120‰, југоисточниот ветар со честина од 114‰, јужниот ветар со честина од 82‰, северозападниот ветар со честина од 81‰, западниот ветар со честина од 74‰ и источниот со честина од 56‰.

Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули. Поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 50 денови. Карактеристични се утринските мразеви до крајот на април.

Во однос на врнежите податоците говорат дека вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 504 мм со максимум во ноември и мај. Сушниот период трае од јули до септември со траење на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 86, облачни денови 184, а тмурни денови 95. Просечната влажност на воздухот во текот на годината изнесува 70 %.

Просечната годишна температура изнесува 12^{0}C. Просечната годишна максимална температура изнесува 18,2 ^{0}C, додека минималната изнесува 6^{0}C.

Податоците се од мерната станица Скопје Петровец.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Скопје со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките

и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајни се деловните односи и комуникациите.

Со "Просторниот план на Република Македонија" дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината каде припаѓа планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот е развојната оска “Север-Југ” која минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема **атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.**

Реализацијата на Локалната урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода со површина на плански опфат од 6,00 ха, согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Скопје со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките

и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајни се деловните односи и комуникациите.

Со "Просторниот план на Република Македонија" дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината каде припаѓа планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот е развојната оска “Север-Југ” која минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема **атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.**

Реализацијата на Локалната урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода со површина на плански опфат од 6,00 ха, согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;

- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште - пасишта (IV и V класа)**

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за “воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како “ресурс” ја има многу помалку од “присутните води”.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП “Полог”, “Скопје”, “Треска”, “Пчиња”, “Среден Вардар”, “Горна Брегалница”, “Средна и Долна Брегалница”, “Пелагонија”, “Средна и Долна Црна”, “Долен Вардар”,

"Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко" и "Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на објекти со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Скопско" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од водомерниот профил Радуша до вливот на река Пчиња во р. Вардар. На ова ВП припаѓаат сливовите на притоките Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава. Со ова ВП сливот на река Треска не е опфатен.

За искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците, а и за подобрување на нивните карактеристики, во ВП "Скопско", се предвидува изградба на акумулациите "Палиград" и "Гумалево" на Кадина Река и "Бразда" на Кучевишка Река.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е **континуирано обезбедување на квалитетна вода** за потрошувачите. Градот Скопје и околните села се водоснабдуваат од изворот Рашче и од бунарите Нерези - Лепенец.

Со ОУП од 1965 год, Водостопанската основа на Скопскиот регион, Генералниот урбанистички план на град Скопје (2012-2022) и со развојните документи на ЈП "Водовод и канализација" - Скопје, за водоснабдување во Скопскиот регион, покрај изворот Рашче и бунарите Нерези Лепенец се предвидува и изградба на ХС "Скопско Поле".

ХС "Скопско Поле" е повеќенаменски објект кој ќе овозможи долгорочно обезбедување на градот Скопје со вода за пиење, ќе обезбеди вода за потребите на индустријата, за наводнување на обработливите површини во Скопско Поле, за производство на електрична енергија и ќе обезбеди заштита од поплави.

ХС "Скопско Поле" се состои од три подсистеми: подсистем „Козјак", „Треска" и „Кадина Река".

Планскиот опфат на објектите за домување се наоѓаат во близина на објектите кои се дел од подсистемот „Кадина Река". Во состав на овој подсистем се предвидува изградба на резервоари за водоснабдување, филтер станица за вода, пумпни станици и мали хидроцентрали.

При изработката на планската документација да се дефинира точната положба на предвидените објекти од ХС "Скопско Поле" - подсистем „Кадина Река" со што ќе се избегнат конфликти во функционирањето и идниот развојот на водостопанството во Скопскиот регион.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е **заштита на подземните и површинските води**. За таа цел потребно е изградба на канализациски системи за прифаќање и третман на отпадните води.

За да се заштитат подземните и површинските води од загадување од отпадни води потребно е стриктно да се спроведува принципот за заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до

квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Во Скопскиот регион кој опфаќа вкупна површина од 1.940, 84 km^2 под I - III категорија на разорност потпаѓа површина од 666,61 km^2, или 34,36% од вкупната површина, а под IV и V категорија се наоѓа 1.273,93 km^2 или 65,64%. Или вкупно **регионот спаѓа во III категорија на разорност со коефициент на ерозија z=0,43.** Продукција на наносите изнесува 1.244.078 m^3/год, а проносот 597.779 m^3/год.

Во Скопското подрачје регистрирани се вкупно 134 водотеци и порои. Пороите на падините на Водно на потезот од селата Шишево и Грчец до Кисела Вода ја сочинуваат т.н. Водњанска поројна серија. Од оваа серија околу 11 порои на потезот од Долно Нерези до Кисела Вода се во границите на ГУП Скопје, а околу 10 се надвор од планскиот опфат. Поради ерозивноста на подрачјето на Водно при изработката на планската документација и при нејзината реализацијата да се предвидат мерки за елиминирање на појава на нови процеси на ерозија во сливните подрачја на поројните токови.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р.Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р.Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р.Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Низ локацијата со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода минува трасата на постојниот 110kV далновод Скопје3-Скопје4 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Локацијата со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода нема конфликт со останатите постојни и планирани дистрибутивни и преносни водови.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденият крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р.Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Во Скопје изградени се две главни мерно-регулациони станици (МРС): Скопје-север и Скопје-југ. Се планира проширување на гасоводната мрежа и во овој регион. При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делницата-5 Скопје-Кичево. Постојниот гасовод минува на 1,5km северно додека планираниот гасовод Скопје-Кичево ќе минува на 1,7km јужно од локацијата.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општественият живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, **домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина**

Кисела Вода на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 57.236 жители, од кои 43.8% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Процесот на урбанизација како еден од доминантните процеси на вкупниот општествено - економскиот развој, претставува непосреден влијателен фактор и основна рамка во која се одвива развојот на населените места. Во повратен смисол, основните параметри на урбанизацијата го детерминираат и нивото на вкупниот општествен развој. Под поимот урбанизација во условите во кои живееме, се подразбира, во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политичките функции и во изградбата и уредувањето на нивните просторно-физички структури. Во поширока смисла, урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото и нивна постепена интеграција во агломерациски системи.

Скопскиот регион според нивото на економски развој и нивото на урбанизираност се наоѓа на прво место во Државата. Во однос на степен на урбанизираност, населбите во Скопскиот регион имаат долга традиција во просторното и урбанистичко планирање кое послужува како извор на податоци, за согледување на традициите и трендовите во одделни сегменти од развојот.

Скоро сите населби во Скопскиот регион се под големо влијание на градот Скопје. Особено е изразено влијанието на градот врз непосредното окружување преку дислокација на содржини и развој на функции кои поради просторни или еколошки причини неможе да се лоцираат во урбаниот опфат. Такви се работните зони долж магистралните патишта, спортско - рекреативните комплекси и транспортните терминали изградени со реалоциран капитал од градот. Развојот на предходно наведените намени, нивното комуникациско поврзување со градот и опремување со комунална инфраструктура ја зголемува атрактивноста на селата во чии атари се лоцирани и влијае врз задржување на месното население.

Основни определби за идниот развој и организацијата на населените места во Скопскиот регион се:

- Рационално користење и заштита на просторот и
- Унапредување на уреденоста на населбите и формирање на функционален систем на населените места.

Реализацијата на определбата за рационално користење и заштита на просторот ги вклучува следните специфични цели:

- Спречување и санкционирање на бесправните градби, посебно во подрачјата со пејсажни вредности, природни вредности и атрактивни туристички локалитети;

- Намалување и спречување на ненаменско користење на висококвалитетно земјиште.

Реализацијата на определбата за унапредување на уреденоста на населбите подразбира остварување на следните цели:

- Подобрување на комуналните и инфраструктурни услови за развој на населените места и намалување на разликите со градот Скопје;
- Воспоставување на ефикасен систем на мониторинг и контрола на урбаниот развој.
- Осовременување на локална патна мрежа и поврзување на селата со квалитетни патишта со општинските центри и градот Скопје;
- Ограничување на ширење на населените места во рамнинскиот дел на Скопската котлина;
- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност.
- Намалување и спречување на ненаменско користење на висококвалитетно земјиште

Имајќи ја предвид ограниченоста на просторот како ресурс, вкупно, и висококвалитетното обработливо земјиште особено, се наметнува потребата од внимателно и рационално искористување на просторот надвор од постојните плански зафати, особено во Скопско Поле каде земјиштето е од повисоки бонитетни класи. Пренамената на одредени површини во градежно земјиште секогаш е поврзано со неопходноста од обезбедување на соодветна инфраструктура. Имајќи го предвид потребното ниво на инвестиции неопходни за обезбедување на потребната инфраструктура, се наметнува потребата од добро планирање и програмирање на обемот, површината и видот на активности кои се предвидуваат со планските документи, наспроти економските ефекти и бенефити за инвеститорите и локалните заедници.

Одредени иницијативи **за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат** и воедно неопходно е почитување на определбите на Просторниот план на РМ во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава просторниот план на Р Македонија, при уредување на населбите треба да се почитува:

- бесправната градба;
- стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
- заштита на создаденото и природното богатство;
- насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Иницијативата за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода**, би требало да

предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

Во Просторниот план на Р. Македонија, функцијата ***домување*** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое домаќинство;
- подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичност во градбата;
- замена на субстандардниот станбен фонд;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба.

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на **објектите со основна класа на намена А1- домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода**, треба да се обрне внимание особено на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства;
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд;
- потребите за корегирање, односно подигнување на стандардот и културата на домувањето.

Основна определба во политиката на станбената изградба во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Како орјентациона рамка за одредување на проекцијата на станбените потреби, може да се користи проекција на станбени потреби на ниво на Општина Кисела Вода, а согласно податоците од Просторниот План на Скопскиот регион.

	Општина Кисела Вода	
	I	II
станбен суфицит	2644	2644
станови кои се задржуваат	18868	18868
амортизирани станови	1353	1353
домаќинства во 2020г	19500	19500
нови станови по основ пораст на население	1923	1923
нови станови по основ отклонување на дефицит	0	0
вкупно нови станови во 2020г	3276	3276
вкупно станови во 2020г	22144	22144

* Проекција на станбените потреби до 2020 год согласно Нацрт ПП на Скопски Регион

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Препораката за организација на јавните функции во предметната локација наменета за изградба на објекти со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, поаѓа од постојната мрежа на јавни функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек.

Образование:

- основно образование (деветолетка) кое е задолжително за сите населби.

Здравствена заштита:

- од примарна задолжително е здравствена станица или мобилна здравствена служба, аптеки како комплементарни служби.

Култура:

- библиотеки;

- дом на културата, сценско музички дејности (пожелно е доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината).

Физичка култура:

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
- покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во предметниот простор се:

За образование:

- за одредување на површината на училишниот објект потребно е мин. 7 m^2 по ученик и мин. 20 m^2 по ученик за комплексот на училиштето. Радиус на гравитација од 1500-2500 m.

За здравство:

- гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000 m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2 лекари.

За култура:

- потребен простор за библиотеките е со минимум 100 m^2 на 1000 жители.

За физичка култура:

- за задоволување на просторните потреби на објектите од физичка култура потребни се 2 m^2/жител.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со “Е” ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-3** - (Крстосница Петровец-клучка Хиподром-Скопје-Момин поток-гр.со Р.Србија-Блаце).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А4** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Релевантни регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2" и** се е со ознака:

- **Р1106 -** (Врска со 1102-Драчево-Варвара-Нова Брезница-брана Козјак-мост кај Близанско-Македонски Брод-врска со Р1303)
- **Р2134** – Драчево (врска со Р1106)-К.Вода(Усје)-Сопиште-Говрлево (врска со Р106)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата

во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Р.Македонија се М-Телеком, ВИП и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Кисела Вода.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба објект со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, и несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената

отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Уредување на планскиот опфат со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Локалната урбанистичко-планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:
- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на Локалната урбанистичко-планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските

населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина Усје, која е предмет на анализа **нема** регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

КО Усје: *Црква Св. Атанас,* осамен наод од римско време, надгробна база од бел мермер со латински натпис од црквата е пренесена во лапидариумот на Музејот на Македонија(не е познато од каде потекнува); *Крст,* депо на средновековни монети, во непосредна близина на црквата Св. Атанас при копање на подрумски простории пронајдено е депо на сребрени монети со 96 примероци и две масивни сребрени обетки, истите се чуваат во Музејот на Македонија.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Скопско - Кумановски туристички регион со 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и е дел од простор којшто има меѓународно туристичко значење.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија” број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на

другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Скопје.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода.** Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Површината на планскиот опфат изнесува 6,00 ha. Планскиот опфат зафаќа земјиште под пасишта (IV и V класа). Во границите на планскиот опфат треба да се предвидат најмалку 20 градежни парцели за изградба на градби со наведената намена, согласно член 46 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16). За предметната локација се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место со намена А4 – времено сместување, на КП 554 и КП 555, на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, со технички број Y10713, и истите се поништени со Решение за поништување, со бр. 15-13278/2 од 13.03.2018 година.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

При изработката на Локалната урбанистичко-планска документација, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Реализацијата на Локалната урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода со површина на плански опфат од 6,00 ha, согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на

квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште - пасишта (IV и V класа).**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Со ОУП од 1965 год, Водостопанската основа на Скопскиот регион, Генералниот урбанистички план на град Скопје (2012-2022) и со развојните документи на ЈП "Водовод и канализација" - Скопје, за водоснабдување во Скопскиот регион, покрај изворот Рашче и бунарите Нерези Лепенец се предвидува и изградба на ХС "Скопско Поле".
- **ХС "Скопско Поле" е повеќенаменски објект кој ќе овозможи долгорочно обезбедување на градот Скопје со вода за пиење, ќе обезбеди вода за потребите на индустријата, за наводнување на обработливите површини во Скопско Поле, за производство на електрична енергија и ќе обезбеди заштита од поплави.**

  Од технички аспект ХС „Скопско Поле" е поделен на три подсистеми: „Козјак", „Треска" и „Кадина Река".

  Планскиот опфат на објектите за домување се наоѓаат во близина на објектите кои се дел од подсистемот „Кадина Река". Во состав на подсистемот „Кадина Река" се предвидува изградба на резервоари за водоснабдување, филтер станица за вода, пумпни станици и мали хидроцентрали.

  При изработката на планската документација да се дефинира точната местоположба на предвидените објекти од ХС „Скопско Поле" - подсистем „Кадина Река" со што ќе се избенат конфликти во функционирањето и идниот развојот на водостопанството во Скопскиот регион.
- Во Скопското подрачје регистрирани се вкупно 134 водотеци и порои. Од т.н. Водњанска серија околу 11 порои на потезот од Долно Нерези до Кисела Вода се во границите на ГУП Скопје, а околу 10 се надвор од планскиот опфат. Поради ерозивноста на подрачјето при изработката на планската документација и при нејзината реализацијата да се вградат мерки со кои ќе се заштити подрачјето од појава на нови ерозивни процеси (регулација на пороите, одржување на постоечките регулации - Дарко Дол, пошумување на сливовите и сл.).

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ локацијата со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, минува трасата на постојниот 110kV далновод Скопје3-Скопје4 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.
- Локацијата со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За корисниците потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода**, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето при изработката на **Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации.

Јавни функции

- **Препораката за организација на јавните функции на предметната локација наменета за А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода,** поаѓа од постојната мрежа на јавни функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- Релевантни регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) велгуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2" и** се е со ознака:

  Р1106 - (Врска со 1102-Драчево-Варвара-Нова Брезница-брана Козјак-мост кај Близанско-Македонски Брод-врска со Р1303)

  Р2134 – Драчево (врска со Р1106)-К.Вода(Усје)-Сопиште-Говрлево (врска со Р106)
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Комуникациска мрежа

- Локацијата со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на планскиот опфат со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Локална**

урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, КО Усје, Општина Кисела Вода, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработката на Локалната урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- **Согласно податоците од Археолошката карта на Р. Македонија на подрачјето на катастарската општина Усје, има евидентирани осамени наоди од областа на културата и истите се наоѓаат во Музејот на Македонија.**
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и е дел од простор којшто има меѓународно туристичко значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

Арх.бр./Nr.Arh. УПП-11/5-1767/2022
Дата/Date: 13 -10- 2022

ДО/DERI TE: Општина Кисела Вода
Ул. Петар Дељан бр.17 - Кисела Вода
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Примено:	17 -10- 2022		
Орг. Един.	Број	Прилог	Вредност
13-	5515/2		

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Достава на согласност
Врска:Ваш бр. 13-5515/1 од 03.06.2022

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог кон овој допис Ви доставуваме Решение за давање согласност на Предлог - Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотек Драко Дол, кој ја таниро границата на планскиот опфат на Локална урбанистичка планска документација со намена А1, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода.

Со почит,
Me respect,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Рената Барутовска
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Прилог/Bashkëngjitje: Решение УПП-11/5 - 1767/2022

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

Арх.бр./Nr.Arh. УП1-11/5-1767/2022
Дата/Date: 13 -10- 2022

Врз основа на член 131 став 2, точка 3 од Законот за води (Сл.весник на Р.Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14,1 46/15, 52/16 и 151/21) постапувајќи по барањето на општина Косела Вода заведено под број 13-5515/1 од 03.06.2022 година, Министерството за животна средина и просторно планирање донесе

РЕШЕНИЕ

за давање согласност на Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотекот Драко Дол, кој ја тангира границата на планскиот опфат на Локална урбанистичка планска документација со намена А1, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода.

Со ова Решение Министерството за животна средина и просторно планирање ДАВА СОГЛАСНОСТ на Предлог одлуката за определување на ширината на крајбрежен појас на Драко Дол, кој граничи со плански опфат на Локална урбанистичка планска документација со намена А1, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода, од стационажа км 0+000.00, дефинирана со точка Т1 со координати Y=7539902.74 и X=4645997.44 до стационажа км 0+511.53, дефинирана со точка Т2 со координати Y=7539474.28 и X=4645732.95. Ширината на крајбрежниот појас ќе изнесува најмалку 4.0 метри од крајната линија на регулацијата на речното корито.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за животна средина и просторно планирање од страна на општина Кисела Вода доставено е барање за добивање на согласност на Предлог-Одлука за определување на крајбрежен појас на Драко Дол во делот кој граничи со планскиот опфат на Локална урбанистичка планска документација со намена А1, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, општина Кисела Вода. Кон барањето приложена е следнава документација:

- Предлог - Одлука за определување на ширината на крајбрежниот појас на Драко Дол, КО Усје, општина Кисела Вода.
- Студија за водостопанска инфраструктура за Локална урбанистичка планска документација со намена А1, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец,

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

КО Усје, општина Кисела Вода, со тех. бр. 138/2017-1 од јули 2019 година, изработена од ИН-ПУМА Дооел Скопје.

По разгледување на доставената корегирана документација со графички прилог, согласно Известувањето со бр. УПП-11/5-1062/2022 од 05.09.2022 и комплетирање на документацијата, заклучено е дека истата ги содржи потребните хидролошки анализи и пресметки за усвојување на меродавните големи води на водотекот, односно Q_{100} = 10.73 m^3/s. Со хидрауличка пресметка пресметана е ширината и висината на коритото на Драко Дол, кои изнесуваат B= 2.50m и H=1.50m соодветно, со косини 1:1.5. Бидејќи висинската разлика од почетокот до крајот на регулираното корито е 30.0m, за совладување на висинската разлика предвидени се десет бетонски каскади со висина од 1.40m. Вака предвидениот трапезен попречен профил на речното корито овозможува безбедно пропуштање на стогодишните води и стабилност на регулираното корито.

Согласно горенаведеното Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: Против ова решение може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi : Рената Барутовска
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Доставено до: Општина Кисела Вода

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.msepp.gov.mk

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СО НАМЕНА А1
ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554,КП555 И ДЕЛ
ОД КП1361 М. В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

С Т У Д И Ј А
ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Borislav Josifov

Digitally signed by Borislav Josifov
DN: o=IN - PUMA DOO Skopje, c=MK, email=inpumagmt-home.mk, sn=Josifov, givenName=Borislav, cn=Borislav Josifov
Date: 2019.07.23 14:54:51 +02'00'

Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3553232, cn=Petar Atanasov
Date: 2019.07.23 14:53:58 +02'00'

СКОПЈЕ
ЈУЛИ 2019

Место:	м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода - Скопје
Доносител:	БИГ БОКС ДООЕЛ Скопје
Предмет:	Студиа за водостопанска инфраструктура за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопј
Извршител:	**ИН-ПУМА** Институт за урбанизам, сообраќај и екологија
Адреса:	Булевар Кузман Јосифовски Питу 19/6-9 Поштенски фах 34, Скопје
Телефон:	2461-451 2461-571
e-mail:	inpuma@t.mk
Технички број:	138/2017-1
Датум на изработка:	Јули 2019
Копии:	1 (една)
Примерок број:	1

РАБОТЕН ТИМ:

- Петар Атанаспв, диплпмиран градежен инженер

А. ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

С О Д Р Ж И Н А

КОН СТУДИЈАТА ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРА СТРУКТУРА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈАСО НАМЕНА А1, ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554,КП555 И ДЕЛ ОД КП1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ КО УСЈЕ ОПШТИНАКИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

А. Општа документација

- Насловна страна
- Содржина
- Извод од регистар на трговски друштва
- Овластување на фирмата за проектирање
- Решение за одредување на одговорен проектант
- Овластување на одговорниот проектант
- Планска програма

Б. Техничка документација

I. Текстуелен дел

1. Технички извештај
2. Хидролошка пресметка Драко дол
3. Хидрауличка пресметка Драко дол

II. Графички дел

1. Прегледна карта 1:25000 сливна површина
2. Ситуација размер 1:1000
3. Попречен пресек на корито размер 1:100 Драко дол
4. Подолжен пресек на корито размер 1:100/1000 Драко дол

Број: 0809-50/150120220018716

Датум и време: 1.7.2022 г. 10:52:41

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4237447
Назив:	ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје
Седиште:	МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ бр.130 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: **Овластено лице:**

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.Булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.19-6/9 Скопје, ЕМБС 4237447

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **02.04.2023 година**

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Број: **П.057/А**

02.04.2016 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

Врз основа на Законот за Градење , "Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 28/14, 42/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 и 39/16) согласно описот на

работните задачи на вработени од ИН-ПУМА , Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје, го донесувам следното :

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРОЕКТАНТИ

За изработка на **Студија за водостопанска инфраструктура за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - домување во станбени куќи на кп 554, кп 555 и дел од кп 1361, м.в. Мијанчовец, ко Усје, Општина Кисела Вода – Скопје,** техничкиброј 138/2019, како извршители се назначуваат:

- Петар Атанасов, дипломиран градежен инженер

Образложение:

Горе наведените работнци се одредуваат за ПРОЕКТАНТИ за изработка на инвестиционо техничка документација, бидејќи ги исполнуваат условите од законот за градење, односно истите се овластени за изработка на инвестиционо техничка документација, бидејќи имаат соодветна стручна подготовка и потребно работно искуство.

УПРАВИТЕЛ

Борислав Јосифов, дипл. инж. арх.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30,16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

ПЕТАР АТАНАСОВ

дипломиран градежен инженер

Овластувањето е со важност до: 19.11.2023 год.

Број: 2.0099

Издадено на: 20.11.2018 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Б. ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.0 ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ
Локална урбанистичка планска документација со намена А1
Домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, место викано Мијанчовец, КО Усје
Општина Кисела вода -Скопје

СТУДИЈА ЗА
Водостопанска инфра структура

1.1 Општо

За потребите за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена А1, домување во станбени куќи на КП554, КП555 и дел од КП1361, место викано Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела вода - Скопје

Студијата се состои од хидролошки и хдраулички пресметки за постојната водостопанска инфраструктура која треба да се регулира.

Трасата на регулираното корито на постојната водостопанска инфраструктура е вцртана во геодетска ажурирана ситуацијата во размер 1:1000 .

Изработено е попречен пресек на коритото на водотекот Драко дол со опфат 50.00м лево од ножицата на регулираното корито.

Изработено е подолжен пресек на коритото на водотекот Драко дол со опфат во должина од 642.18м во која должина припаѓа урбанистичкиот опфат плус по 50м од обете страин на опфатот.

1.2 Хидролошка пресметка

1.2.1Хидролошката пресметка односно определување на голема вода за водотекот Драко дол е извршена спрема метода на Синтетички хидрограм потоа метода на ИХ Јарослав Черни и метода на Анвелопи од ИХ Јарослав Черни за стогодишна вода.

Сливното подрачје на водотекот Драко дол изнесува F = 2.88 km^2

Од извршената пресметка се добиени следните количини на големата вода и тоа:

-Метода на синтетички хидрограм Qmah=8.93m^3/sek.)

-Метода на ИХ Јарослав Черни Qmah=7.89 (m^3/sek.)

-Метода на Анвелопи изведени од ИХ Јарослав Черни Qmah=10.73(m^3/sek.)

Усвоена е големата вода Qmah=10.73 (m^3/sek.) добиена по метадата на Анвелопи изведени од ИХ Јарослав Черни

1.3 Хидраулички пресметки

Врз база на количината на атмосферската вода пресметана во хидролошката пресметка падот на нивелетата на усвоеното регулирано корито на водотекот Драко дол извршена е хидрауличка пресметка за усвоеното трапезно корито на

Со хидрауличката пресметка пресметана е ширината и висината на коритото на водотекот Драко дол кое треба да се регулира..

Усвоено е трапезно корито

Количината на атмосферската вода изнесува Q=10.73m3/sec

Падот на нивелетата на регулираното корито е земен J=2.5%

Ширината на дното на регулираното корито е земен B=2.50m

Висината на регулираното корито е земен H = 1.50m

Косините се земени 1:1.5

Бидејки висинската разлика од почетокот до крајот на регулираното корито изнесува 30.00м за да се совлада ова висина предвидени се 10 бетонски каскади со висина од 1.40м место положбата на бетонските каскади е дадено во подолжниот пресек.

Бидејки брзината на водата изнесува V=3.70m потребно при изработката на Основниот проект да се предвиди соодветна заштита на регулираното корито на водотекот Драко дол.

Составил
ПЕТАР АТАНАСОВ дги

- ХИДРОЛОШКА ПРЕСМЕТКА СЛИВ НА ДРАКО ДОЛ УСЈЕ
2 СКОПЈЕ
- ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГОЛЕМИ ВОДИ

Водотек : ДРАКО ДОЛ

Влезни податоци:

	A=	2.88	(km^2)	- површина на силв
	Kprofil=	270.00	(m.n.v.)	- кота на посматран профил
	Lvododel=	8.78	(km)	- должина на вододелница
	Kmax.vodotek =	457.00	(m.n.v.)	- максимална кота на водотек
Lt	Lvodotek=	2.92	(km)	- должина на водотек
St	Jsr.vodotek=	64.04	(‰)	- среден пад на водотек
	Ksliv=	542.00	(m.n.v.)	- максимална кота на слив
	Lsliv=	3.28	(km)	- должина на слив
	Jsr.sliv=	82.93	(‰)	- среден пад на слив

(1)-Према: **Метода на Синтетички хидрограм**

$Q=0.56\times A\times Pe/(Tp\times(1+k))$ ... (m^3/s)

k=Tr/Tp=	1.00	- отчитано од дијаграм
CN=	77.5	- одреден према видот на земјиштето
d=	73.74	- дефицит на влажност на почвата d=25.4×(1000/CN-10)

Tc=To - време на концентрација
Tp - време на порсат на хидрограмот
Tk - времетраење на ефективен дожд
P - одреден бруто дожд за познато Tk во (mm)
Pe - ефективни врнежи (mm)
$Pe=(P-0.2\times d)^2/(P+0.8\times d)$

"U.S. Soil Conservation Service"

Tc=To=	0.44	(h)	$Tc=(0.868\times Lt^2/St)^{0.385}$
Tk=	0.41	(h)	$Tk=Tc\times(1+Tc)^{-0.2}$
Tp=	0.64	(h)	$Tp=(Tk/2+To)\times 3/(k+2)$

T	p	P	Pe	Qmax	qmax
(god.)	(%)	(mm)	(mm)	(m^3/s)	($m^3/s/km^2$)
2	50	15.0	0.00	0.00	0.00
5	20	22.1	0.66	0.83	0.29
10	10	26.7	1.68	2.12	0.74
25	4	32.6	3.50	4.42	1.53
50	**2**	**37.0**	**5.17**	**6.53**	**2.27**
100	**1**	**41.4**	**7.07**	**8.93**	**3.10**
1000	0.1	55.8	14.66	18.52	6.43

(2)-Према: ИХ "Јарослав Черни"

Tc=To=	0.72	(h)	$Tc=To=1.864\times A^{0.39}\times Js^{-0.31}$
Tk=	0.64	(h)	$Tk=Tc\times(1+Tc)^{-0.2}$
Tp=	1.04	(h)	$Tp=(Tk/2+To)\times 3/(k+2)$

повр.пер.	веројат.	бруто дожд	Нето дожд	Qmax	qmax
(god.)	(%)	(mm)	(mm)	(m^3/s)	($m^3/s/km^2$)
2	50	17.3	0.08	0.06	0.02
5	20	25.4	1.34	1.04	0.36
10	10	30.8	2.86	2.22	0.77
25	4	37.6	5.40	4.20	1.46
50	**2**	**42.6**	**7.65**	**5.95**	**2.06**
100	**1**	**47.6**	**10.14**	**7.89**	**2.74**
1000	0.1	64.2	19.84	15.43	5.36

(3)-Према: Анвелопи изведени од ИХ "Јарослав Черни"

повр.пер.	веројат.	A	q(sliv-1)	q(sliv-2)	qmax	Qmax
(god.)	(%)	(km^2)	($m^3/s/km^2$)	($m^3/s/km^2$)	($m^3/s/km^2$)	(m^3/s)
10	10	2.88	1.58	3.10	2.34	6.74
100	**1**	**2.88**	**2.77**	**4.68**	**3.73**	**10.73**
1000	0.1	2.88	6.72	5.57	6.15	17.70

Одредување на меродавен проток

Меродавниот проток е усвоен спрема Анвелопи изведени од ИХ "Јарослав Черни"за повратен период од T=100 год..

$Q_{100(1\%)}$=	10.73	(m^3/s)
$q_{100(1\%)}$=	3.73	($m^3/s/km^2$)

3,0 ХИДРАУЛИЧКА ПРЕСМЕТКА
ДРАКО ДОЛ УСЈЕ СКОПЈЕ
ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ НА ВОДОТЕКОТ

МЕРОДАВЕН ПРОТОК Q=10,73m3/sec



h=	se bara
b=	2.50
n=	0.029
i=	0.0250
ml=	1
md=	1
msr=	1

чекор=	0.10
g=	9.81
α=	1.00

dH=	0.73	(m)	- кинетичка енергиј
H=h+dH	1.58	(m)	- вкупна енергија на токот
Hkr.=	1.06	(m)	- БУРЕН ТОК
Jkr.=	0.011	%	- J>Jкр.
Fr.=	2.16		- Фрудов број
Husv.kanal=	1.50	(m)	

h	b	B	A	O	R	C	V	Q	Hkr	Jk	Fr.
0.00	2.50	2.50	0.00	2.50	0.00	0.00	0.00	0.000	0.00	#DIV/0!	#DIV/0!
0.10	2.50	2.70	0.26	2.78	0.09	23.23	1.12	0.292	0.11	0.0182	1.33
0.20	2.50	2.90	0.54	3.07	0.18	25.82	1.71	0.925	0.23	0.0150	1.61
0.30	2.50	3.10	0.84	3.35	0.25	27.38	2.17	1.822	0.36	0.0136	1.77
0.40	2.50	3.30	1.16	3.63	0.32	28.51	2.55	2.955	0.49	0.0128	1.88
0.50	2.50	3.50	1.50	3.91	0.38	29.39	2.88	4.315	0.62	0.0122	1.97
0.60	2.50	3.70	1.86	4.20	0.44	30.11	3.17	5.895	0.75	0.0118	2.04
0.70	2.50	3.90	2.24	4.48	0.50	30.72	3.43	7.694	0.87	0.0115	2.09
0.80	2.50	4.10	2.64	4.76	0.55	31.25	3.68	9.713	1.00	0.0112	2.14
1.00	2.50	4.50	3.50	5.33	0.66	32.15	4.12	14.420	1.26	0.0108	2.22
1.25	2.50	5.00	4.69	6.04	0.78	33.06	4.61	21.594	1.58	0.0104	2.31
1.50	2.50	**5.50**	**6.00**	**6.74**	**0.89**	**33.82**	**5.04**	30.265	**1.90**	**0.0101**	**2.38**
0.847	2.50	**4.19**	**2.83**	**4.90**	**0.58**	**31.48**	**3.79**	10.738	**1.06**	**0.0111**	**2.16**

ПРЕСМЕТАЛ
дги ПЕТАР АТАНАСОВ

Topografska karta 1:25000

Skopje

174-2-2

Butel

NARODNA ODBRANA
SLUŽBENA TAJNA
INTERNO


SKOPJE
VARDAR
MADŽARI
Titov Veles
Kumanovo
Kumanovo
Titov Veles
Dračevo
Dračevo
Skopje
Matka
Nova Breznica
Umovo
D.Nerezi
G.Nerezi
Sv.Panteleimon
Pošteński dom
Detsko odmaralište
Fbr.cementa
Fbr.stakla
Fbr.Ohis
G.Lisiče
Sv.Petar
Usje
Naselba Ohis
Sopište
G.Solnje
D.Solnje
Sulejmanov Most
Rakotinci
Dobri Dol
Varvara
Batinci
Ljubos
Markova Sušica
Markov Manastir
Osinčani
Malčište
Dračevica
Gorno Količani
Dolno Količani
Jasika
Nova sela
Pala barda
Kamenik
Bel kamen
Prilepski pat
Kurtova strana
Pesja čuka
Četiri pata
Široka rupa
Prdla
Pinija
Smreka
Balančevec
Česma
Drežnica
Kalenica
Golemaniva
Padarnica
Stloža
Kadra
Kadra Malit
Škoza
Škoza Kaleo
Kaleo (Lozja)
Osires
Cucu
Sidlandovi
Lednje
Pavenica
Ravna
Mile č.
Kindžulica
Smrdljina
Meriz
Ramnište
Susica
Tarin
Opal
Gorenica
Rudina
Lozje
Rupe
Vranjak
Cepenka
Licaj
Gradište
Kodrabrod
Draga
Drisla
Cupriјan
Cidkov kamen
Gradišta
Smilanci
Dolni zabel
Gorni zabel
Jazinec
Dabica
Brezovačka r.
Suva r.
Markova r.
Umovska r.
Reka
Meckin dol
Količanski p.
Količanski r.
Markovec
Rakotinečki dol
Crna
Ravna
Dabica
Ostrec
Morel Kitka
Škoza Kaleo
Nova sela
Jasika
Kamenik
Bel kamen
Prilepski pat
Dračevica
Gorno Količani
Pala barda
Škoza
Kadra Malit
Kadrabrod
Draga
Stloža
Padarnica
Kalenica
Golemaniva
Drežnica
Batinci
Rudina
Bistrotinci
Usje
Smreka
Balančevec
Česma
Naselba Ohis
Pesja čuka
Četiri pata
Širokа rupa
Prdla
Pinija
Kurtova strana
Preslap
Bel krst
Strana tri kruši
Trapje
Crvena prs
Prisoje
Rakotinečki dol
Ramnište
Cupriјan
Cidkov kamen
Gradišta
Smilanci
Dolni zabel
Gorni zabel
Dobri Dol
Jazinec
Kindžulica
Mile č.
Varvara
Markovec
Markova Sušica
Markov Manastir
Malčište
Osinčani
Lednje
Pavenica
Kaleo (Lozja)
Cucu
Sidlandovi
Prilepski pat
Bel kamen
Kamenik
Dračevica
Gorno Količani
Dolno Količani
Jasika
Nova sela
Pala barda
Škoza
Kadra Malit
Kadrabrod
Draga
Stloža
Padarnica
Kalenica
Golemaniva
Drežnica
Batinci
Ljubos
Rudina
Lozje
Rupe
Vranjak
Cepenka
Licaj
Gradište
Drisla
Cupriјan
Ravna
Dabica
Ostrec
Morel Kitka
Škoza Kaleo
Nova sela
Jasika
Kamenik
Bel kamen
Prilepski pat
Dračevica
Gorno Količani
Dolno Količani

II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ПРЕГЛЕДНА КАРТА
РАЗМЕР 1:25000

СЛИВНАИ ПОВРШИНА
ДРАКОВ ДОЛ
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА- СКОПЈЕ



Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3553232, cn=Petar Atanasov
Date: 2019.07.23 14:53:58 +02'00'

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

Инвеститор:

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА -СКОПЈЕ

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО СО НАМЕНА А1

ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УЈЈЕ

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА -СКОПЈЕ

СТУДИЈА

ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Цртеж: СИТУАЦИЈА
ВОДОТЕК ДРАКОВ ДОЛ
ОД КМ 0+000.00 ДО КМ 0+511.53

ВК

Одговорен проектант:
ПЕТАР АТАНАСОВ дгн

Соработници:

Управител:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ диа:

РАЗМЕР: 1:1000

техн.бр. 138-2017
СКОПЈЕ ЈУЛИ 2019

дата:
СКОПЈЕ ЈУЛИ 2019

ЛИСТ БР. 02


295.00
290.00
285.00
280.00
275.00
ЗАШТИТЕН КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС
КОРИТО НА ВОДОТЕК ДРАКО ДОЛ
ЗАШТИТЕН КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС
281.88
282.45
282.10
280.95
282.45
282.33
288.70
4.00
3.25
2.50
50.00

| | | |



Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Petar Atanasov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT1553232, cn=Petar Atanasov
Date: 2019.07.23 14:53:58 +02'00'

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

Инвеститор:
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА -СКОПЈЕ

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО СО НАМЕНА А1
ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УЏЕ
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА -СКОПЈЕ

СТУДИЈА
ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Цртеж: ПОДОЛЖЕН ПРЕСЕК НА КОРИТО ВОДОТЕК ДРАКОВ ДОЛ ОД КМ 0+000.00 ДО КМ 0+511.53 — ВК

Одговорен проектант:
ПЕТАР АТАНАСОВ дгр

Соработници:

Управител:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ диа

Размер: 1:100/1000

Техн. број: 138-2017

Дата: СКОПЈЕ ЈУЛИ 2019

Лист број: 04

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Планскиот опфат се наоѓа на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода - Скопје и ги опфаќа катастарските парцели КП554, КП555 и дел од КП1361, КО Усје, Општина Кисела Вода - Скопје.

Границата на планскиот опфат на Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје се движи:

- На **северозапад** по границата на КП554;
- На **североисток** по границата на КП554, поминува низ КП1361 и продолжува по границата на КП555;
- На **југоисток** по границата на КП555;
- На **југозапад** по границата поминува низ КП 1361 и продолжува по границата на КП554.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка и лаците, како што следи:

Вкупна површина: **60056.0111m²**

Периметар: **1259.6327m'**

1.	Y=7539467.1400	X=4645737.4900
2.	Y=7539427.6000	X=4645760.5300
3.	Y=7539402.7100	X=4645830.3100
4.	Y=7539380.1900	X=4645860.1100
5.	Y=7539407.4200	X=4645874.8700
6.	Y=7539465.0500	X=4645896.8900
7.	Y=7539481.0500	X=4645903.9800
8.	Y=7539512.9900	X=4645917.9100
9.	Y=7539541.6200	X=4645927.2600
10.	Y=7539572.4600	X=4645936.9500
11.	Y=7539599.4100	X=4645955.0700
12.	Y=7539633.6400	X=4645979.0800
13.	Y=7539655.4300	X=4645992.7100
14.	Y=7539689.7900	X=4646004.5300
15.	Y=7539777.9300	X=4646034.0200
16.	Y=7539794.1400	X=4646031.0200
17.	Y=7539867.5500	X=4646049.7100
18.	Y=7539878.3500	X=4646035.2900
19.	Y=7539888.5000	X=4646024.5500
20.	Y=7539890.4400	X=4646020.8000
21.	Y=7539896.6000	X=4646013.4600
22.	Y=7539892.6600	X=4645998.8500
23.	Y=7539880.6100	X=4645988.7500
24.	Y=7539855.3900	X=4645966.5900
25.	Y=7539836.9500	X=4645952.9600
26.	Y=7539811.5500	X=4645932.6700
27.	Y=7539789.6400	X=4645916.9700
28.	Y=7539765.2400	X=4645901.0300
29.	Y=7539755.7000	X=4645896.8900
30.	Y=7539738.9600	X=4645885.6300
31.	Y=7539725.4700	X=4645880.4600
32.	Y=7539713.7000	X=4645876.5900
33.	Y=7539701.3500	X=4645870.7400
34.	Y=7539684.5100	X=4645861.0500
35.	Y=7539657.3600	X=4645850.5300
36.	Y=7539637.5500	X=4645840.7300
37.	Y=7539619.3200	X=4645831.1000
38.	Y=7539608.3600	X=4645833.2300
39.	Y=7539587.9700	X=4645825.4700
40.	Y=7539571.2800	X=4645821.5500
41.	Y=7539557.9000	X=4645813.5000
42.	Y=7539549.7300	X=4645802.7900
43.	Y=7539539.0600	X=4645796.9400
44.	Y=7539522.7700	X=4645787.0700
45.	Y=7539505.6500	X=4645774.6100
46.	Y=7539495.7900	X=4645763.8600
47.	Y=7539484.6900	X=4645749.8000
48.	Y=7539472.1800	X=4645735.4600

Границата на планскиот опфат е соодветно прикажана во графичките прилози.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 6,00ha.

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Просторот кој е педмет на работа е вон плански опфат.

ЗаЛокална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје, издадени се Услови за планирање на просторот од Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање со тех.бр. Y04618 од април 2018 годинаи Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерот за животна средина и просторно планирање со бр.УП1-15-617/2018 од 03.05.2018.

Согласно член 46 став 3 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)со локална урбанистичко-планска документација може да се врши уредување и користење на просторот вон плански опфат, со определување на повеќе градежни парцели за градби со намена А1 (домување во станбени куќи), согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање од член 68 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), доколку предмет на планирање е плански опфат со површина од најмалку еден хектар, во кој се предвидуваат најмалку 20 градежни парцели за изградба на градби со наведената намена.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1 ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Општина Кисела Вода се простира во јужниот и југоисточниот дел на Скопската котлина. Источната граница на општината е до централното градско подрачје на општината Центар. Северната граница се простира по железничката линија Скопје - Велес со кој патен правец општината граничи со новоформираната општина Аеродром. На источната и југоисточната страна граничи со општината Студеничани, а на јужната страна со планината Водно каде се простира граничната линија со општината Сопиште. Кисела Вода има правец на простирање исток - запад во должина од 14,2 км и правец север - југ во должина од 3,3 км.

Во рамките на ваквите гранични линии со соседните општини, општината Кисела Вода има површина од 46,86км². Според Статутот на Општина Кисела Вода, подрачјето на Општината е утврдена со закон. Границата на Општината Кисела Вода започнува од надвозникот на железничката пруга и улицата "Трета македонска ударна бигада" (тромеѓе на општините Кисела Вода, Аеродром и Центар) и се движи по трасата на старата железничка пруга до надвозникот на булеварот "Кочо Рацин", се движи по улицата "Бихачка", улицата "Црниче" и улицата "346" и излегува над институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија ИЗИИС, односно на тромеѓето на општините Центар, Карпош и

Кисела Вода, продолжува по границата на парк шумата "Водно" до локалитетот "Теферич", продолжува по катастарската граница КО Сопиште и КО Драчево до железничката станица Срачево, свртува на северо-запад по железничката пруга Скопје-Велес, како граница со општина Аеродром до надвозникот на улицата "Трета македонска ударна бигада".

Слика бр.1 Град Скопје

Планскиот опфат се наоѓа во м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје во непосредна близина на населбата Усје-источно од неа. Границата за конкретниот плански опфат е прикажана во графичките прилози и ги опфаќа катастарските парцели КП554, КП555 и дел од КП1361.

3.2 КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Ова подрачје е под влијание на континентална средоземна клима. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Средната повеќегодишна температура на воздухот во Скопје изнесува 12.4°C. Средните минимални температури на воздухот во градот Скопје варираат во границите помеѓу - 3.6° C во месец јануари до 14.8°C. Средната годишна минимална температура на воздухот изнесува 6.0°C и варира помеѓу 5.2°C во 1985 година до 6.8°C во 1972 година. Средната максимална температура на воздухот е во границите помеѓу 3.8°C во најстудениот месец (јануари) и 30.0°C во најтоплиот месец (август). Средната годишна максимална температура на воздухот изнесува 17.4° C и варира помеѓу 17.0° C во 1973 година до 19.5°C во 1977 година.

Просечниот датум со пролетен мраз во Скопската Котлина се движи во границите помеѓу 8 до 13 април. Просечната дата на првиот есенски мраз се движи во границите помеѓу 22 и 26 октомври.

Од годишната ружа на зачестеност и средните брзини на ветровите нацртани според анемографски мерења од главната метеоролошка станица Скопје - Зајчев Рид, се забележува дека најзачестена насока е западната со 180 ‰, потоа запад-југозападната (WSW) со 123 ‰ и на крајот од северозападната (NW) со 120 ‰

Годишната сума на врнежите се движи помеѓу 500 и 600 мм. Врнежите од снег во градот Скопје и Скопската Котлина се вообичаена појава во периодот од ноември до месец март. Во тој период просечно годишно се јавуваат помеѓу 4 дена во 1979 година, 7 дена во 1989 година до 32 дена во 1981 година со врнежи од снег.

Скопската Котлина е специфично подрачје со појавата на магли и температурни инверзии како и зголемена загаденост на воздухот при такви состојби на времето.

3.3 РЕЉЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Скопскиот базен е создаден од масивни карпи од Палеозоикот и Мезозоикот. Основното геолошко опкружување на широко распространетиот Скопски регион, се состои од неогенско-плиоценски седимент и квартерни-алувијални депозити. Основните масивни карпи се Плиоценските езерни седименти кои се на 700m, покриени со квартерни, најчесто алувијално-терасести седименти. Карактеристиките на квартерните седименти на горните слоеви се определени со слоеви од чакал, песок и глина сé до површината на теренот.

Од педолошкиаспект, составот на Скопската котлина е хомоген. Застапени се различни видови почви: песочно глинести, колувијални, делувијални почви, верти-почви, хроматни камбо-почви (циметни шумски почви), камбо-почви (кафеави шумски почви), флувијални почви (алувијални почви), флувијални-ливадски почви (хумусни флувијалнипочви) итн.

Генерално, земјата до 12m е составена од следниве супстанци: хумус; почва со ситни честички и ситнозрнест песок со среднојака консистенција (цврстина) и со темнокафеава боја; ситнозрнеста глина, ситнозрнест и крупнозрнест песок и чакал и органски примеси со средно пластични и среднојака консистенција и со кафеава боја; ситен до крупен чакал со песоклива, средна до јака концентрација со присуство на кварцна прашина и променлив процент на гранули и со светлоцрвенкаста и кафеава боја. 3.4. Хидролошки карактеристики

Максималното ниво на подзмните води се движи до 4м. Поистакнати хидрографски проблеми, во смисла на поројни текови, високи подземни води и сл. не постојат.

3.4 ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Максималното ниво на подзмните води се движи до 4м. Поистакнати хидрографски проблеми, во смисла на поројни текови, високи подземни води и сл., не постојат.

3.5 ИНЖЕНЕРСКО – ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според инженериско-геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот.

3.6 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според досега набљудуваните земјотреси во 1963 година е регистриран епицентар со интензитет над 6^0 по МЦС скалата и длабочина на жариштето од 10 км.Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација е изложена на потреси над 9^0 по МЦС скалата. Генерално гледано терените со плиоценски седименти се поволни за градба со тоа што е исклучена можноста за појава на катастрофални земјотреси за експлоатациониот век на објектите.

4 ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Анализата на постојната состојба покажува дека станува збор за делумно изградено земјиште, каде што се евидентирани градби со намена Б4 – Деловни простори.

5 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Земјиштето на предметниот простор со површина од 6,00ha е ангажиран во главно со објекти за – деловни простори.

ПОВРШИНИ ПО КЛАСИ НА НАМЕНИ

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП 554, КП 555 И ДЕЛ ОД КП 1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ		
Б4-ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	45627.8m²	76.0%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	2041.9m²	3.4%
Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	12386.4m²	20.6%
ВКУПНО	**60056.0m²**	**100.0%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

бр.на киатастарска парцела	објект	површина на парцела m²	површина под објект m²	Вкупна површина под објект m²	катност	развиена бруто површина m²	Вкупна развиена бруто површина m²	процент на изграденост	коефициент на искористеност	вид на конструкција	класа на намена
КП 554	1.1	45627.8m²	117.8m²	624.9m²	П	117.8m²	624.9m²	1.4%	0.01	СК	Б4
	1.2		77.2m²		П	77.2m²				СК	Б4
	1.3		79.1m²		П	79.1m²				СК	Б4
	1.4		308.7m²		П	308.7m²				СК	Б4
	1.5		42.1m²		П	42.1m²				СК	Б4
ВКУПНО		**45627.8m²**	**624.9m²**					**1.4%**	**0.01**		

Во локалитетот при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 5 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

Урбанистичките показатели укажуваат дека предметниот локалитет е со процент на изграденост од 1,4% и коефициент на искористеност од 0,01.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

Согласно дописот од Министерство за култура- Управа за заштита на културното наследство со бр. 17-3832/2 од 05.12.2018 година, во границите на планскиот опфат не постои

заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен Весник на Република Македонија бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15. 192/15, 39/16 и 11/18).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајниот пристап до предметниот локалитет е преку постојни неафалтирани патеки.

Сообраќајната мрежа треба да се дооформи со секундарна улична мрежа, согласно важечката документација.

Во рамките на планскиот опфат нема постојни ел.ен. инсталации, согласно дописот од ЕВН Македонија АД, Скопје Кец Аеродром со бр. 14-3/139 од 17.12.2018год.

Во непосредна близина на планскиот опфат има постоен 110кВ ДВ-от, согласно дописот од А.Д. МЕПСО (Македонски електропреносен систем оператор) со бр.02-2359/1 од 05.05.2017г. кој е внесен во графичките прилози.

Во рамките на планскиот опфат нема постојни подземни ТК инсталации и електронски комуникациски мрежи, согласно дописот од Македонски Телеком АД – Скопје со бр. 07-827310 од 10.12.2018год. и дописот од АЕК со бр.1404-3686/2 од 05.12.2018год.

Во рамките на планскиот опфат нема траса на постоен и планиран гасовод, како и надземни објекти (Мерно регулациони станици), согласно дописот од ГА-МА и не се планира изградба на гасоводна мрежа согласно дописот од МЕР со бр. 03-4200/2 од 05.12.2018.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Површината на планскиот опфат до сега не е опфатена со постојна урбанистичка документација.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Локална урбанистичка планска документација.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со Планската програма и изработените Услови за планирање.
- Да се планира градежна парцела кои во најголема можна мерка ќе ја почитува постојната катастарска парцелација.
- Да се планира добра сообраќајна поврзаност која ќе обезбеди и добар развој и реализација на планската документација.

На предметниот простор, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците, во согласност со Планската програма и изработените Услови за планирање.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и жителите од предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- градба на објекти во оформени градежни парцели.

Степенот на искористеност на градежно земјиште ќе биде економски оправдан, доколку се обезбеди потребно ниво на сообраќајна услуга.Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, примарната сообраќајна мрежа треба да обезбеди:

- секундарната сообраќајна мрежа во согласност со нормативите треба да се реализира;
- паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на парцелите.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на

искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

10. ДРУГИ ПРИЛОЗИ

10.1 ПОПИСНИ ЛИСТИ ОД ИЗВРШЕНАТА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

бр.на киатастарска парцела	објект	површина на парцела m²	површина под објект m²	Вкупна површина под објект m²	катност	развиена бруто површина m²	Вкупна развиена бруто површина m²	процент на изграденост	коефициент на искористеност	вид на конструкција	класа на намена
КП 554	1.1	45627.8m²	117.8m²	624.9m²	П	117.8m²	624.9m²	1.4%	0.01	СК	Б4
	1.2		77.2m²		П	77.2m²				СК	Б4
	1.3		79.1m²		П	79.1m²				СК	Б4
	1.4		308.7m²		П	308.7m²				СК	Б4
	1.5		42.1m²		П	42.1m²				СК	Б4
ВКУПНО		**45627.8m²**	**624.9m²**					**1.4%**	**0.01**		

Легенда: Конструктивен систем: **СК** – Скелетен

Намена: **Б4** – Деловни простори.

10.2 НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП 554, КП 555 И ДЕЛ ОД КП 1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ		
Б4-ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	45627.8m²	76.0%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	2041.9m²	3.4%
НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	12386.4m²	20.6%
ВКУПНО	**60056.0m²**	**100.0%**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ГРАФИЧКИ ДЕЛ



АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

за локална урбанистичка планска документација
со намена А1-Домување во станбени куќи
на КП 554, КП 555 и дел од КП1361
вм,Мијанчовец КО Усје Општина Кисела Вода
P=1:1000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ОПФАЌАЊЕ
- КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ - ПОМОШНИ ЈАВНИ
- 554/2 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- 271.00 НАДМОРСКА ВИСИНА (КОТА) НА ДЕТАЛНА ТОЧКА
- ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ЗГРАДА
- ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
- ДЕЛОВНО - СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- ПОМОШНИ ЗГРАДИ
- ТРАНСФОРМАТОР
- ПЕЧАТКА
- ПРЕВИЈН ПОД ЗГРАДА
- ПАРК И ЗЕЛЕНИЛО
- БЕТОНСКА ПЛОЧА (СТАЗА)
- ОТПОЧИНАК - ШАХТА
- ЈАРБОЛ
- ФОНТАНА
- ВОДОВОД - ШАХТА
- ВОДОВОД - ШАХТА
- ИСПУСТ ОД ШЕВКОВОД БЕЗ ОТВОР
- ПОДЗЕМЕН ХИДРАНТ СО ЗАТВОРАЧ
- ЧЕШМА
- ВОДОМЕР
- ХИДРАНТ - ШАХТА
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- ТОПЛИФИКАЦИЈА - ШАХТА
- ТЕЛЕФОН - ШАХТА
- ФЕКАЛЕН ИСПУСТ - ШАХТА
- КАБЛОВСКИ РАЗВОДНИК - ТЕЛЕФОН
- КАБЛОВСКИ РАЗВОДНИК - СТРУЈА
- УЛИЧЕН НАДОЗЕМЕН
- РЕКЛАМНО ПАНО
- СЕМАФОР
- АВТОБУСКА ПОСТОЈКА
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СТОЛПОВИ ОД ПТТ МРЕЖА
- СТОЛПОВИ ОД ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ДРВА

Друштво за геодетски и катастарски работи GEOZUM INGENERING TDI DOOEL Skopje tel: 078 246 965, 070 357 799 E-mail: igratovski@gmail.com ulica "Vladimir Komarov 1-3/001 Skopje"			razmer: R=1:1000
predmet: A'urirana geodetska podloga za lokalna urbanistička planska dokumentacija so namena A1-Domuvanje vo stanbeni kuki na KP 554, KP 555 i del od KP 1361 vm,Mijanchovec KO Usje Opshtina Kisela Voda			nara~atel: INPUMA
crte: A'urirana geodetska podloga		faza: G	data: 10.2017
snimile:			
ovlasten geodet: T.Igratovski dipl.geod.in'	D.Dodevski geod.teh	list br. 1	upravitel: T.Igratovski dipl.geod.in'

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361 М.В. МИЈАНЧОВЕЦ КО УСЈЕ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

M=1:1000



M - 1 : 1000

5 10 20 30 50m

ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **БИГ БОКС ДООЕЛ Скопје**

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТЦИОНА ОСНОВА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

УПРАВИТЕЛ: БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.в.		РАЗМЕР: P = 1 : 1000
Техничка бр.:138/2017	ДАТА: СЕПТЕМВРИ 2019	ЛИСТ БРОЈ: 2



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ГРАНИЦА НА КАТАСТЕРСКА ПАРЦЕЛА
- ПОСТОЈНА ГРАДБА
- ОГРАДА

КЛАСА НА НАМЕНА:

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

- ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ
- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

Е ИНФРАСТРУКТУРА

- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- АСВАЛТИРАН ПАТ
- ДОЛ

ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА:

- СКЕЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361 М.В. МИЈАНЧОВЕЦ КО УСЈЕ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

M=1:1000



M - 1 : 1000

5 10 20 30 50m

ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **БИГ БОКС ДООЕЛ Скопје**

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП 554, КП 555 И ДЕЛ ОД КП 1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА д.и.а. овластување 0.0413

ПЛАНЕРИ:
БОГДАН НАСТЕСКИ - ТЕРМАН д.и.а. овластување 0.0410
м.р ЕЛЕНА ЈОВАНОВСКА д.и.а овластување 0.0849

СОРАБОТНИЦИ:
м.р ЕМИЛИЈА ЛЕПИФАНОВСКА д.и.а
м.р БИСЕРА СТОЈАНОВА д.и.а

УПРАВИТЕЛ: **БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ** д.и.а.		РАЗМЕР: P = 1 : 1000
Техничен број: 138/2017	ДАТА: ДЕКЕМВРИ 2019	ЛИСТ БРОЈ: 3

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ГРАНИЦА НА КАТАСТЕРСКА ПАРЦЕЛА
- ПОСТОЈНА ГРАДБА
- ОГРАДА

E ИНФРАСТРУКТУРА

- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПОСТОЈНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- НАДЗЕМНИ ВРСКИ 110kV
- НАДЗЕМНИ ВРСКИ 35kV

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП554, КП555 И ДЕЛ ОД КП1361 М.В. МИЈАНЧОВЕЦ КО УСЈЕ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

M=1:1000



M - 1 : 1000

5 10 20 30 50m

ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **БИГ БОКС ДОСЕЛ Скопје**

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП 554, КП 555 И ДЕЛ ОД КП 1361, М.В. МИЈАНЧОВЕЦ, КО УСЈЕ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА д.и.а. овластување 0.0413

ПЛАНЕРИ:
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН д.и.а. овластување 0.0412
м-р ЕЛЕНА ЈОВАНОВСКА д.и.а овластување 0.0648

СОРАБОТНИЦИ:
м-р ЕМИЛИЈА ЛЕЛИФАНОВСКА д.и.а
м-р БИСЕРА СТОЈАНОВА д.и.а

УПРАВИТЕЛ: **БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ** д.и.а.	РАЗМЕР: Р = 1 : 1000
Технички број: 138/2017	ДАТА: ДЕКЕМВРИ 2019
	ЛИСТ БРОЈ: 4

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на задачата е изработка на **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје**.

Планската документација е изработена во сè според Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Согласно член 7 и Член 46 пристапено е кон изработка на Локална урбанистичка планска документација.

Површината на планскиот опфат до сега не е опфатена со постојна урбанистичка документација.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 6,00ha.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Кисела Вода.

Планската документација е усогласена со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15),како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Условите за планирање за изработка на **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје** произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, а за основна класа на намена е одредена **А-Домување.**

ПРОСТОРЕН КОНЦЕПТ

Предвидени се следните класи на намени:

А- Домување

- А1 - Домување во станбени куќи

Б-Комерцијални и деловни намени

- Б1- Мали комерцијални и деловнио намени
- Б5- Хотелски комплекси

В- Јавни институции

- В1 – Образование и наука (Основно училиште)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Здравствен дом)

Д- Зеленило и рекреација

- Д2- Заштитно зеленило
- Д3- Спорт и рекреација

Е- Инфраструктура

- Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфрастуктурни системи)
- Е1 - Комунална инфраструктура (Регулиран водотек – Драков дол)
- Е2- Комунална супраструктура (трафостаници)
- Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

Површината на планскиот опфат е делумно изградено земјиште. Со планската документација се формирани градежни парцели на КП554 и КП555 со површини за градба со намена во согласност со условите за планирање на просторот.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Сообраќајниот пристап до локалитет е преку локалниот пат на КП1361, кој минува долж планскиот опфат. Истиот е дооформен и планиран според законските регулативи.

Урбанистичкиот план за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решава во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од : Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

- Планскиот опфат зафаќа површина од **60056.01 м².**
- Во рамките на опфатот формирани се 100 градежни парцели со површина од **34467.85 м²**.
- Бруто максималната развиена површина на ниво на плански опфат е **59186.68 м².**
- Процент на изграденост изнесува **27.1 %.**
- Коефициент на искористеност изнесува **1.00.**

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје** предвидени се следните групи на класи на намени и класи на намени:

А- Домување

- А1 - Домување во станбени куќи

Б-Комерцијални и деловни намени

- Б1- Мали комерцијални и деловнио намени
- Б5- Хотелски комплекси

В- Јавни институции

- В1 – Образование и наука (Основно училиште)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Здравствен дом)

Д- Зеленило и рекреација

- Д2- Заштитно зеленило
- Д3- Спорт и рекреација

Е- Инфраструктура

- Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфрастуктурни системи)
- Е1 - Комунална инфраструктура (Регулиран водотек – Драков дол)
- Е2- Комунална супраструктура (трафостаници)
- Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

Површината на планскиот опфат е делумно неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со **Условите за планирање на просторот** за изработка на **Локална урбанистичко – планка документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1 – домување во станбени кужи, на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода** со технички бр. **Y04618** од април 2018 год. кои произлегуваат од просторниот план на Р. Македонија.

Бидејќи станува збор за делумно неизградено земјиште, **Локална урбанистичка планска документација со намена А1 - Домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361, м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје** претставува планирање на нови градежни парцели и површини за градба согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Висините на објектите се во склад со член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), каде се предвидени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. Покрај висината на венец, во нумеричките податоци е дадена и катноста на планираните висини за градба.

3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат дефинира една урбана целина се соодветно нумерирани парцели во графичките прилози. Во границите на предметниот просторен опфат е извршено обележувањето на градежните парцели со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри, на пр. ГП1 е градежна парцела 1 во рамките на планскиот опфат.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на планскиот опфат прикажани во синтезниот приказ.

3.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

А- Домување

- А1 - Домување во станбени куќи

Б-Комерцијални и деловни намени

- Б1- Мали комерцијални и деловнио намени
- Б5- Хотелски комплекси

В- Јавни институции

- В1 – Образование и наука (Основно училиште)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Здравствен дом)

Д- Зеленило и рекреација

- Д2- Заштитно зеленило
- Д3- Спорт и рекреација

Е- Инфраструктура

- Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфрастуктурни системи)
- Е1 - Комунална инфраструктура (Регулиран водотек – Драков дол)
- Е2- Комунална супраструктура (трафостаници)
- Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба во графичките прилози, како и во табелите со урбанистички показатели за секоја градежна парцела поединечно.

Заради флексибилност на планот, одредени се и компатибилни класи на намени, во однос на основната класа на намена, со одреден максимален процент на учество во однос на основната класа на намена, а во согласност со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Компатибилните класи на намена и максималниот дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена се наведени во табеларните прикази, како и во посебните услови на Планот, за секоја градежна парцела поединечно.

3.3 ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА

- Вкупна бруто развиена површина за сите класи на намена е **59186.68 м².**
- Вкупна бруто развиена површина за А1 – Домување во станбени куќи е **52485.89 м².**
- Планирани се 100 градежни парцели, од кои **90** се со основна класа на намена А1 - Домување во станбени куќи
- Просечен број на членови по домаќинство е **3.6.**
- Максимален број на станбени единици во една градежна парцела: 4

90 * 4 = 360 домаќинства
384 * 3.6 = 1296 жители

Нето густина на населеност: 1296 бр. на жители / 2.8264 ха површ. на земјиште со намена домување **= 458.53 ж/ха.**

Бруто густина на населеност: 1296 бр. на жители / 6.0056 ха вкупна површина на плански опфат **= 215.80 ж/ха.**

Во рамки на планскиот опфат предвидена е вкупна бруто изградена површина за домување заедно со можноста за компатибилни класи на намена 52485.89м^2, односно предвидени се **1296** жители вклучувајќи ги и компатибилните класи на намена.

За планираниот број на жители: **1296**, согласно демографските показатели од спроведениот попис на населението во 2002 година, може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 51 дете. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа, односно 30 деца. При тоа, по распределба по возрасни групи: 6 деца се на возраст од 1 до 2 години, кои ќе бидат згрижени во јасли и 24 деца се на возраст од 3 до 5 години кои ќе бидат згрижени во детски градинки.

- Деца на возраст 1-2 (јасли): 6
- Деца на возраст 3-5 (детска градинка): 24
- Вкупен број на деца што посетуваат предучилишна установа 30

Земајќи ги во обсир просторните можности на планскиот опфат, постојното непосредно опкружување (постојни градинки) Весели Цветови – Ѓургица (Пинтија) и градинка во населба Усје под управа на „Весели Цветови", за решавање на проблемот за згрижување на деца на предучилишна возраст со овој ЛУПД, се планира површина со намена В2 – Здравство и

социјална заштита (Детска градинка) со површина на градежна парцела 1137.58 м2, површина за градење 683.00 м2 и бруто развиена површина од 1366.00 м2.

За планираниот број на жители: **1296**, согласно демографските показатели од спроведениот попис на населението во 2002 година, може да се пресмета дека 8% ќе бидат деца на возраст од 6 до 15 години, односно 101 дете.

Во рамките на планскиот опфат се планира површина со намена В1 – Образование и наука (Основно училиште) со површина на градежна парцела 1395.48 м2, површина за градење 872.17 м2 и бруто развиена површина од 1744.35 м2. Наставата ќе се одвива во две смени. Во близина на планскиот опфат има и постојно основно училиште „Рајко Жинзифов" во населба Пинтија, лоцирано на максимално растојание од 1.4 км, односно 17 min пешачење од планскиот опфат. Подрачното училиште во Пинтија е со површина на објектот од 3546 м2 и дворно место 2800 м2. Наставата се изведува во две смени.

3.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на ова ЛУПД е поставен врз основа на постојната состојба и урбанистичкиот концепт за намена на површините.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Сообраќајниот пристап до локалитет е преку локалниот пат на КП1361 т.е. станбена улица „Новопланирана 1" која минува долж планскиот опфат и е во согласност со законските регулативи.

Сообраќајниот концепт е овозможен преку интерен сообраќај, формиран со создавање на станбени улици со кои се овозможува пристап до секоја парцела.

Станбена улица - „ Новопланирана 1-4 “ (ул.„1521“):

тротоар..... 1,50m

коловоз..... 5,50m

тротоар..... 1,50m

Вкупно:8,50m

Пристапна улица 1 .....5,50 м

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А1 - Домување во станбени куќи

Потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Б1– Мали комерцијални и деловни намени

- по едно паркинг место на секои 60m2 од вкупно изградената површина

Б5 – Хотелски комплекси

- потребниот број на паркинг места се утврдува со проектната документација во зависност од специфичните потреби и услови

В1 – Образование и наука (Основно училиште)

- по 1 паркинг место на секои 100 м2 вкупно изградена површина

В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)

- по 1 паркинг место на секои 60 м2 вкупно изградена површина

В2 – Здравство и социјална заштита (Здравствен дом)

- по 1 паркинг место на секои 120 м2 вкупно изградена површина

Д2- Заштитно зеленило

-Не се предвидуваат паркинг места за оваа намена

Д3- Спорт и рекреација

-Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 70 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решава во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Димензионирањето на групните паркиралишта се врши на тој начин што на вкупниот број на паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидност. На паркиралиштата со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидност. Паркинг местото за лица со инвалидност е со минимални димензии 3,50/5,50 и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачка површина.

3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на локалната урбанистичка планска документација, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

3.5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

За предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

P_{en1} = вкупна едновремена електрична моќност за домување

P_{en2} = вкупна едновремена електрична моќност за комерцијални и деловни и јавни институции

P_{en3} = вкупна едновремена електрична моќност за зеленило и рекреација и инфраструктура

P_{en} = вкупната едновремена електрична моќност

f_n' = коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за домување 1kW/жител

f_n'' = коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha

f_n''' = коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

P_{en1} = **1296** жители*1kW/жители=1 267 kW

P_{en2} = 0,4197ha*193kW/ha=81.00693 kW

P_{en3} = 2,67ha*15kW/ha=43.164 kW

$P_{en} = P_{en1}+P_{en2}+P_{en3}$

P_{en} = 1426.4045 kW

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{1426.4045}{1000 \times 0,75} = 2 \text{ трафостаници}$$

Во рамки на опфатот се предвидени 3 новопланирани трафостаници.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

Согласно Законот за Енергетика (Сл. Весник на РМ бр. 96 од 28.05.2018 год.):

Не се дозволува изградба и изведба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објект, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот. (Член 203 став 1)

Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен прекин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште. (Член 204 став 1)

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Скопје.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле и ОнеВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
- региони, општини, населени места,
- сообраќајна и транспортна инфраструктура

- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје. **Планираните телекомуникацииски инсталации се прикажани на шематско ниво. Истите по правило при реализација се водат во делови од тротоарот. За потребите на телекомуникациските системи може да се поставуваат и разводни ормани кои можат да бидат поставувани во пешачките делови на јавните коридори**.

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според дописот од Управа за животна средина Сектор води со бр.112598/2 од 26.069.2019, забележано е дека површината на планскиот опфат гранички со површински водотек – река (Драков Дол) за кој се извршени хидролошки и хиротехнички пресметки и негово регулирање.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет не се поврзува со постоечка водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со Локалната урбанистичка планска документација се предвидуваат објекти за домување, јавни и комерцијални објекти и предвидени се максимални површини за градба што претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет не се поврзува со постоечка канализациона мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со Локалната урбанистичка планска документација се предвидуваат објекти за домување, јавни и комерцијални објекти и предвидени се максимални површини за градба што претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

Се додека новопроектираниот објект не биде поврзан со новопроектирана фекална канализација, фекалиите ќе се одведуваат преку септичка јама чија што местоположба ќе се утврди преку основен проект.

Канализационата мрежа ќе се состои од PVC канализациски цевки со Ø300mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Оваа новопланирана канализациска мрежа ќе се поврзе со постојниот вод на фекална канализација.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет не се поврзува со постоечка атмосферска канализација.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.3 Во Локалната урбанистичка планска документација предвидени се следните класи на намени:

А- Домување

- А1 - Домување во станбени куќи

Б-Комерцијални и деловни намени

- Б1- Мали комерцијални и деловнио намени
- Б5- Хотелски комплекси

В- Јавни институции

- В1 – Образование и наука (Основно училиште)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)
- В2 – Здравство и социјална заштита (Здравствен дом)

Д- Зеленило и рекреација

- Д2- Заштитно зеленило
- Д3- Спорт и рекреација

Е- Инфраструктура

- Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфрастуктурни системи)
- Е1 - Комунална инфраструктура (Регулиран водотек – Драков дол)
- Е2- Комунална супраструктура (трафостаници)
- Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

4.4 Согласно член 32 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процентна учество даден во Прилог 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.5 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 35 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

4.6 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

4.7 Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски испакнувања.

4.8 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично. Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради

само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

4.9 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

4.10 Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени во Правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби во приземјето е 1,20m. Најмалата катна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90m,а за деловна дејност 3,40m.

4.11 Максималната височина на слеме е до 3,50m над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

4.12 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:

- кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

4.13 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела

одделно. Кај повеќе локации за бруто површините за градба се земени апроксимативни површини за димензионирање, сè со цел да се добијат пореални показатели.

4.14 Локалната урбанистичка планска документација за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до градбите во градежна парцела, како и задржување на постојниот транзитен сообраќаен правец.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во согласност со изборот на намената ќе се димензионира во сè пропишано со Правилникот.

- Максимална височина на градење е 10,20m односно кота на горниот венец во однос на заштитниот тротоар.
- Процент на изграденост на ниво на опфат.
- Коефициент на искористеност на земјиштето на ниво на опфат.

4.15 Паркирањето на моторните возила да се реши во секоја градежна парцела засебно, а во сè според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти. **Зеленило: Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%. -Во рамки на секоја градежна парцела да има мин 20% високо зеленило под кое не смеее да има надземна и подземна градба.**

4.16 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

4.17 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

4.18 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

4.19 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

4.20 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

4.21 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

4.22 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

4.23 Отпадните води пред испуштање во реципиентот, треба да се доведат до соодветно ниво на прочистеност, согласно „Уредбата за класификација на водите" (Службен весник на Република Македонија, број 18/99).

4.24 Доколку при реализација на локалната урбанистичка планска документација, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04).

4.25 Согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) намената **А1 домување во станбени куќи** ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи и други, како градби со **максимум четири (4) станбени единици.** не смее да има во една градежна парцела повеќе од 4 станбени единици и не смее со Урбанистички Проект да се делат на повеќе ГП во кои ќе се зголемуваат бројот на станбени единици.

4.26 Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на град Скопје на предлог на градоначалникот на општините, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:

